Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 74 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 19 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
од седумдесет и четвртата седница на Државната изборна комисија

Седумдесет и четвртата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 19 март 2014 година ( среда ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:18 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 73 – тата Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**3.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**4.Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година;**
**5.Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година ;**
**6.Предлог Одлука за изменување и дополнување на одлуките за ангажирање на лице во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13 април 2014 година број 09- 472/25, број 09- 472/26, број 09- 472/27, број 09-472/28, број 09- 472/29, број 09- 472/30, број 09- 472/31, број 09- 472/32, број 09-472/33, број 09- 472/34, број 09- 472/35, број 09- 472/36, број 09- 472/37, број 09-472/38, број 09- 472/39, број 09- 472/40 и број 09- 472/41 од 28. 02. 2014 година и**
**7.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 74 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 73 – тата Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по предложениот Записник. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 73 – тата Седница на ДИК одржана на 17.03.2014 година;**

**Точка 2:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, предложи со оглед дека **Точка 2: Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 и Точка 3:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии,** се во корелација да се води заедничка расправа за двете точки а поединечно да се гласа за секоја точка. Му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по 2 и 3 точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека имаме Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК. Имаме вкупно 533 решенија од кои бројот на позитивните решенија е 524 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е 9 од кои 4 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази а 5 лица ги нема во Избирачкиот список. ДИК има Упатство за барање за запишување во Избирачкиот список. Има направено проверка во документацијата и од проверката се гледа дека лицата имаат патна исправа и адреса, но патната исправа им е со поминат рок. Поради тоа овие лица не можат да бидат запишани во посебниот Избирачки список.Сите одбиени лица се читаат по име и презиме. Работната група ги проверува сите поднесени барања со доставените документи. ДИК ќе ги извести веднаш граѓаните за исходот на нивното барање за да можат да постапат, а одбиените лица имаат право да поднесат тужба до Управен суд. Смета дека вака предложените решенија треба да се усвојат. За третата точка, на ден 19.03.2014 година за Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 7 решенија ( се читаат по ред), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 153 решенија ( се читаат по ред ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 5 решенија (се читаат по ред ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се доставаат до Државниот завод за статистика.

Расправата се затвори прво се ставија на гласање Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

Се стави на гласање Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и

канцеларии на ден 19.03.2014 година. по кои даде образложение Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 4:**
**Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по оваа точка.Никој не се јави за збор и Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година е ставена на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија, 13.04.2014 година. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**
**Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година ;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека се работи за три Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за изборниот процес.Отвори претрес по оваа точка. Никој не се јави за дискусија.

Предлог Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13.04.2014 година и за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 27.04.2014 година.**

**Точка 6:**

**Предлог Одлука за изменување и дополнување на одлуките за ангажирање на лице во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13 април 2014 година број 09- 472/25, број 09- 472/26, број 09- 472/27, број 09-472/28, број 09- 472/29, број 09- 472/30, број 09- 472/31, број 09- 472/32, број 09-472/33, број 09- 472/34, број 09- 472/35, број 09- 472/36, број 09- 472/37, број 09-472/38, број 09- 472/39, број 09- 472/40 и број 09- 472/41 од 28. 02. 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека се во оваа Одлука инкорпорирани Одлуките за ангажирање на лице во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија и сите тие лица со донесувањето на оваа Одлука ќе продолжат да работат и за предвремените парламентарни избори. Отвори претрес по оваа точка. Никој не се јави за дискусија.

Предлог Одлуката за изменување и дополнување на одлуките за ангажирање на лице во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија кои ќе сѐ одржат на 13 април 2014 година број 09- 472/25, број 09- 472/26, број 09- 472/27, број 09- 472/28, број 09- 472/29, број 09- 472/30, број 09- 472/31, број 09- 472/32, број 09- 472/33, број 09- 472/34, број 09- 472/35, број 09- 472/36, број 09- 472/37, број 09- 472/38, број 09-472/39, број 09- 472/40 и број 09- 472/41 од 28. 02. 2014 година, е ставена на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на одлуките за ангажирање на лице во помошните тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија кои ќе се одржат на 13 април 2014 година број 09- 472/25, број 09- 472/26, број 09- 472/27, број 09- 472/28, број 09- 472/29, број 09- 472/30, број 09- 472/31, број 09- 472/32, број 09- 472/33, број 09- 472/34, број 09- 472/35, број 09- 472/36, број 09- 472/37, број 09- 472/38, број 09- 472/39, број 09- 472/40 и број 09- 472/41 од 28. 02. 2014 година. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 7:**

**Разно**

По точката "Разно" за дискусија се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој сакаше да потенцира што може да се јави како проблем на ДИК. Во посебниот Избирачки список се запишани околу 8311 гласачи кои ќе гласаат во ДКП. Во Венеција се запишани околу 1920 гласачи што значи дека има повеќе од 1000 гласачи во Избирачкото место кои треба да гласаат на 12.04.2014 година. Дали може Избирачки одбор во еден ден да се снајде и да поминат сите 1920 гласачи од 7 до 19:00 часот да гласаат иако и после 19:00 часот тие кои се затекнати на Избирачкото место можат да гласаат. Но што ќе се случи ако за парламентарните избори се појават над 2, 3 илјади гласачи на едно Избирачко место за гласање. Треба во Венеција да се формира уште еден Избирачки одбор и во иста просторија да се ставаат две кутии за гласање, а гласачите да се поделат по азбучен ред во два посевни Избирачки списоци.Веќе е готово со Избирачкиот список во Венеција но ДИК треба да размисли како да интервенира на време за парламентарните избори и на кој начин ќе се спроведе гласањето. Исто така Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ДИК има став едно лице да може да поднесе пријави од повеќе лица до ДКП, од

практични и економични причини, или од еден ист меил да се пратат повеќе пријави за да не се малтретираат гласачите.ДИК е орган кој ги спроведува изборите и ДИК е орган кој одлучува дека едно лице може за повеќе лица да поднесе пријави, а за гласање мора секој лично да гласа. Исто така може да се гласа со биометриска лична карта ако е валидна. Ова да се стави и во Прирачниците и ИО кои ќе одат во странство да се обучат.

-Анета Стефановска, Член на ДИК, прво кажа во врска со гласањето во Венеција дека не се согласува да има два ИО. Тука ИО имаат повеќе работа и поoптеретени се и тој ИО ќе си ја заврши работата. Ако се појави поголема бројка од 3, 4 илјади гласачи може но сега за Венеција не би се сложила. Во врска со поднесувањето на пријавите до ДИК и до ДКП да си остане како беше и до сега, а по однос на гласањето со биометриска валидна лична карта може да се гласа.

-Влатко Сајкоски, Член на ДИК, се согласи со идејата на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи која е многу интересна. Пристапот му се допаѓа но дали има законски основ така да се направи. Ако има над 2,3 илјади лица, гласачи, навистина ќе биде проблем. За Венеција не знае дали има време нешто сега да се направи но за парламентарните избори факт е дека ќе има проблеми.

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа ако сега има околу 2000 гласачи за парламентарните избори ќе има 4000 гласачи. Ова го кажал како идеја ДИК да размисли.

-Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа што се однесува до тоа еден човек на куп да носи повеќе пријави или од една имеел адреса да има повеќе пријави може да се пројави како слабост и да се нема контрола. Може да се прават злоупотреби. Кон ова мора со резерва да се пристапи, со голема внимателност и максимална претпазливост. Што се однесува до гласање во странство со важечка биометриска лична карта тоа е прифатливо.

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК, се повика на членот 41 став (5) од Изборниот законик каде стои дека во Избирачкиот список се запишуваат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство само со важечка патна исправа. Евентуално во Србија и Албанија би можело со важечка биометриска лична карта.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ова за што се дискутира се однесува на денот на гласањето, ако лицето нема патна исправа да може да покаже важечка биометриска лична карта од Република Македонија и може да гласа.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа, како се бара патна исправа за пријавување така се бара и за гласање во странство. Само во Србија и Албанија може со важечка биометриска лична карта но не треба да ги мешаме луѓето. Во однос на Избирачкото место во Венеција има над 1900 граѓани но дали ќе излезат сите да гласаат. Изгледа дека таму имаме лојални граѓани. Две Избирачки места не може да се формираат, не дозволува Изборниот законик. ДИК ќе донесува соодветни решенија како ќе се одвиваат работите. Во однос на злоупотребата таа не може да се направи ако едно лице носи повеќе пријави, ако се во ред сите документи.

- Сашо Срцев, Член на ДИК кажа дека е добро што се отворија овие прашања и за нив треба да се размисли и да се запази Изборниот законик. Околу тоа едно лице да носи повеќе пријави, ДИК ја начна темата, лицето да има овластување и слично, но оваа работа треба да се расправи.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека на тој состанок рекле дека секој може да носи повеќе пријави затоа што пријавите се обработуваат во ДИК, а не во ДКП. Нема никаква пречка и така помина со претседателските избори. Ова

треба да важи и за парламентарните избори, затоа што ДКП само ги примаат а ДИК ги обработува пријавите.

Дискусиите по точката “Разно“ завршија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и четвртата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**74-та седница на Државната изборна комисија заврши во 17 часот.**

**Број** 07-1088/2
25.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**